Совет на Општина Делчево
Број 09-2494/1
31.12.2023 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 30.седница
на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на на 31.12.2023 година, во Мултимедијалниот со почеток во 08:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет.

Отсутни нема.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот кој за 30.седница го предложи селдниот

## Дневен ред

-Усвојување на Записник од 28.седница
- Усвојување на Записник од продолжение на 28.седница
- Усвојување на Записник од 29.седница

1. Предлог-Програма за одржување на јавна чистота во општина Делчево за 2024 година;

Образлагач: Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина.

2.Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето;

3.Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;

4.Предлог-Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија;

5.Предлог-Одлука Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија и кои постигнале особено висок успех во студирањето;

Образлагач: Ванчо Новоселски-Советник за образование и култура.

6.Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2023 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

7.Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2024 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач: Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.

8.Предлог-Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Делчево;

9.Предлог- Одлука за ослободување од партципација на деца Роми на возраст од три до шест години што се во социјален ризик за учебната 2023/2024 година во ОЈУДетска Градинка “Весели Цветови“Делчево;

Образлагач:Џулиета Мемедова-Самостоен референт за безбедност и здравје при работа.

10.Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2024 година;

11.Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2024 година;

**Образлагач:**Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам.

12.Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2024 година;

13.Предлог-Буџет на Општина Делчево за 2024 година;

14. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година;

15.Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот на државните службеници;

16. Буџетски календар;

**Образлагач:**Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџет.

17. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2024 година;

**Образлагач:** Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево;

18.Предлог-Одлука за финансиска помош по барање број УП 1 21-300 од 28.11.2023 година;

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, против и воздржание-нема, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 30.седница на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 28.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записниот беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 28.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од продолжението на 28.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записниот беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 28.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 29.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записниот беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 29.седница.

**Прва точка- Предлог-Програма за одржување на јавна чистота во општина Делчево за 2024 година;**

Образлагач по оваа точка беше Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина.

Претседателот на Советот апелираше до неа и до сите други образлагачи да бидат поконцизни во образлагањето на точките, да не се читаат материјалите буквално, бидејќи сите советници ги имаат добиено.

Татјана Стојковска истакна дека оваа Програма се донесува секоја година и е иста како, а истата е заснована врз основа на член 12 од законот за јавна чистота. Под поимот

одржување на јавна чистота се подразбира чистење (миење и метење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како и чистење на мраз во зимски услови.

Со Програмата за одржување на јавната чистота се предвидуваат видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства потребни за реализација како и временските рокови за извршување на работите и динамиката и начинот на извршување на работите.

Согласно Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево донесена од Советот на Општина Делчево број 07-701/1 од 14.11.2008 година, одржувањето на јавната чистота во Општина Делчево го врши Јавното комунално претпријатие,,Брегалница,, Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Прогрмата за одржување на јавна чистота во општина Делчево за 2024 година.

**Втора точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето;**

**Трета точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;**

**Четврта точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија;**

**Петта точка-Предлог-Одлука Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија и кои постигнале особено висок успех во студирањето;**

Единствено образложение: по сите 4 точки даде Ванчо Новоселски-Советник за образование и култура кој рече дека стипендиите се доделуваат секоја година, бројот на стипендиите и износите се исти како лани, нема никакви промени, ако има некои дополнителни прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по втората точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето.

Претседателот отвори расправа по третата точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

Претседателот отвори расправа по четвртата точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија;

Претседателот отвори расправа по четвртата точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија и кои постигнале особено висок успех

**Шеста точка-Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2023 година со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи директорката на ЈЛБ „Илинден" која рече дека материјалите им се доставени на советниците навреме и сигурно сите имале време да го прочитаат извштајот за раеализираните активности на локалната библиотека. Во 2023 година се реализирани 62 активности, последните две не се внесени во извештајот бидејќи материјалите биле доставени до советниците на 22 декември. Се разбира дека секогаш може и повеќе и подобро, но постојано недостасуваат финансиски средства.Ако имате прашања, повечете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2023 година.

**Седма точка-Програма за работа на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2024 година со Предлог-Заклучок за усвојување;**

И оваа точка ја образложи Биљана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево која рече дека на дневен ред на оваа седница е и Програмата на библиотеката за 2024 година која е законска обврска на библиотеката, која е стратегиски докимент од областа на културата и во која се предвидени целите и активностите кои треба да ги спроведе, т.е. реализира во 2024 година. На библиотеката од страна на Министерството за култура се одобрени 7.074.340 денари, според Методологијата за култура, од кои за плати 6.948.440 денари или за реализација на сите проекти, цели и активности само 125.900 (10.492,00 денари за месец) што е навистина малку. Не се планираат нови вработувања, истакна таа.

Претседателот отвори расправа по точкатата.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2024 година.

**Осма точка-Предлог-Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Делчево**;

Оваа точка беше образложена од страна на секретарот на општината, Биљана Прачкоска која рече дека законскиот основ за оваа одлука се член 39,член 40,член 41,член 42 и член 43 од Законот за заштита на права на пациентите. Претходната комисија е со истечен мандат и затоа се предлага оваа одлука за формирање на нова комисија која се состои од девет (9) члена и тоа:двајца преставници на пациентите-ќленови на здруженијата на пациенти,двајца претставници од невладините организации што се занимаваат со човекови права и граѓанските иницијативи,двајца лекари од општината и тројца членови делегирани од Советот на Општина Делчево. Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точкатата.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Делчево.

**Деветта точка-Предлог- Одлука за ослободување од партципација на деца Роми на возраст од три до шест години што се во социјален ризик за учебната 2023/2024 година во ОЈУДетска Градинка "Весели Цветови"Делчево**;

И оваа точка беше образложена од страна на секретарот која истакна дека оваа одлука е во врска со Договор за соработка за поддршка на проектот"Инклузија на деца Роми во јавните општински установи –детски градинки"во Република Северна Македонија и записникот од Сто деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за ослободување од партципација на деца Роми на возраст од три до шест години што се во социјален ризик за учебната 2023/2024 година во ОЈУДетска Градинка "Весели Цветови"Делчево.

**Десетта точка-Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2024 година;**

Оваа точка ја образложи Звонко Атанасов кој рече дека нема да дава образложение по точката бидејќи истата програма е доставена до членовите на Советот пред 10 дена. Ако има прашања, повелете рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7„ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2024 година.

**Единаесетта точка-Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2024 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам.

Оваа точка ја образложи Звонко Атанасов кој рече дека нема да дава образложение по точката бидејќи истата програма е доставена до членовите на Советот пред 10 дена. Ако има прашања, повелете рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7„ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за изградба, реконструкција.

**Дванаесетта точка-Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2024 година;**

Точката ја образложи Горан Петровски кој истакна декаоваа одлука е законска обврска на Општината и се изработува за секоја година, доколку советниците имаат прашања, може да му ги постават и тој ќе одговори.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1„ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2024 година.

Тринаесетта точка-Предлог-Буџет на Општина Делчево за 2024 година;

Точката ја образложи Ана Ситновска која истакна дека Буџетот на Општина Делчево за 2024 година е проектиран планиран во износ од **364.592.517 денари** или **5.928.334 евра**.

Капиталните расходи во вкупниот буџет се планирани во износ од 55.355.583,00 ден. или 15,2%, додека тековно– оперативните расходи се планирани во износ од 309.236.934,00 денари – 84,8%. Основниот буџет е планиран на износ од **117.839.697 ден.** од кои капиталните расходи се планирани во износ од 48.485.583 денари, или 41,1%, додека тековно-оперативните расходи се планираат во висина од 69.354.114 денари, или 58,9%.

Планираните капитални расходи во Основниот буџет во најголем дел се однесуваат за изградба и реконструкција на улици и патишта и тоа, како во урбаниот, така и во руралниот дел на општината, за кофинансирање за изградба на капитални проекти, за изградба и реконструкција на водоводи, за изготвување нови проекти. Како што истакна раководителката на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци, Ана Ситновска-Димитровска, Буџетот за 2024 година е развоен, затоа што најголем дел од проектираните средства се расходи наменети за капитални проекти. Клучни капитални проекти на кои ќе се посвети големо внимание е изградбата на нова детска градинка со капацитет од 130 деца, проект со проектирана вредност од 60. 000 000 ден., потоа за изградба и реконструкција на улици и патишта ќе се инвестираат 25.193.000 денари, се издвојуваат над 6 милиони денари за втората фаза од реконструкцијата на салата АСНОМ и набавка на опрема за салата.

Освен капиталните ставки планирани се средства и за социјални трансфери: еднократна парична помош-650.000 денари; помош за новороденчиња-200.000 денари; исплата на првачиња-310.000 денари; стипендии за студенти за подршка на млади таленти во износ од 450.000 денари; трансфери до здруженија на граѓани и фондации-400.000 денари, трансфери до спортски клубови-800.000 денари, наградно патување за најдобрите 10 матуранти-300.000 денари.

Таа ги запозна советниците дека во межувреме од страна на ОЈУДГ „Весели Цветови“ до Одделението за финансии, стигнало барање за измена на финансискиот план, како и барање од градоначалникот за измена на буџетот за 2024 година. Имено, детската градинка бара на ставката 427 привремени вработувања да се додат 2 милиони денари од ставката 423 во програмата V1, исто така од програма VA на исттата ставка 427 да се додадат 400.000 денари.

Предлогот на градоначалникот за измена на буџетот за 2024 е од програмата ЈД од ставката 428 да се префрли 1 милион денари во Програмата К4 на ставките 42 и 46, за организација на меѓународен фестивал посветен на ликот и делото на Мето Јовановски.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменковски кој како што рече имаше два предлога за измени во Буџетот за 2024 година и тоа:

-Од програмата Д0 од ставката 464 разни трансфери да се префрлат 150.000 денари на ставката 471 социјални надоместоци, и

-Од програмата Г1 ЛЕР да се префрлат 700.000 денари од ставката 426 на ставката 471 социјални надоместоци.

На гласање беше ставен првиот предлог.

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ВОЗДРЖАНИ“, предлогот не беше прифатен/усвоен.

На гласање беше ставен и вториот предлог.

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ВОЗДРЖАНИ“, предлогот не беше прифатен/усвоен.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка, беше затворена и на гласање беше ставен Предлог-Буџетот на Општина Делчево за 2024 година.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Совет на Општина Делчево го донесе Буџетот на Општина Делчево за 2024 година.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година;**

Ана Ситновска рече дека оваа одлука е стандардна одлука со која поблиску се уредува начинот на извршувањето на буџетот, доколку имате праштања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година;

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот на државните службеници;**

И оваа точка ја образложи А.С.Димитровска која истакна дека вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 година изнесува 81,60 денари, исто како лани.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на државните службеници;

**Шеснаесетта точка-Буџетски календар;**

Образлагач по точката беше Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџет која рече дека со календарот се утврдуваат роковите за изготвувањето и доставувањето на буџетот.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој предложи предлог-буџетот да се доставува до советниците во ноември месец, а не во декември како што е наведено во Буџетскиот календар, 21 ден пред донесувањето на буџетот

А.С.Димитровска рече дека нема услови за тоа бидејќи зависи од рамката која ја доставува Министерството за финансии.

Иван Гоцевски рече дека така во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот и дека тоа треба да се почитува.

А.С.Димитровска рече дека тој рок од 21 ден се однесува на државниот буџет и истакна дека дури на 14 декември добиле насоки и рамка за изготвувањето на буџетот.

Претседателот на Советот ги праша членовите на Советот дали имаат сознанија како е во другите општини, кога се доставува предлог-буџетот до советниците и рече дека ќе контактира со некои претседатели на совет во врска со ова прашање и апелираше до раководителката на Одделението за финансии, доколку има можности порано да се доставува предлог-буџетот до членовите на Советот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Буџетскиот календар за 2024 година.

Седуманесетта точка-Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2024 година;

Образлагач по оваа точка Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека оваа Програма е рамка која може да се надополнува во текот на година и ги повика членовите на Советот доколку имаат предлози за дополнување.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за работа за 2024 година.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска помош по барање број УП 1 21-300 од 28.11.2023 година;**

Во врска со оваа точка претседателот на Советот истакна дека до Советот е доставено барање за финансиска помош на една наша сограѓанка која доставила и медицинска документација во прилог на барањето. Таа има заболување на панкреасот, двапати била правена операција и сега и се потребни средства за лекување.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска помош по барање број УП 1 21-300 од 28.11.2023 година

На крајот на оваа 30.седница, се обрати претседателот на Советот кој во своето обраќање истакна:

Почитувани сограѓани.

„ Би сакал да ја искористам оваа прилика, и од име на Советот на Општина Делчево, Ви ги честитам Новата Година и Божикните празници. Да Ви посакам пред се добро здравје, многу среќа, радост и успех на секое поле. Ведриот дух и оптимизмот, нека бидат водилка во годината која ни доаѓа.

Во оваа прилика, сакам да им се заблагодарам на сите советници за нивната работа во рамки на Советот и комисиите. Сакам да истакнам, дека со мудрите одлуки кои ги донесоа во изминатата година, овозможија развој на Општината во целост. Развој, изразен преку градење на нови улици, нови општевствени и инфраструктурни објекти, кои се од непроценливо значење за сите грагани на Делчево подеднакво.
Понатаму, сакам да искажам голема благодарност и до службата која работи посветено, се грижи и ја помага работата на Советот, но и на сите останати учесници и образлагачи

Благодарност и до сите наши сограѓани кои ни даваа креативни идеи и предлози но и на оние кои преку конструктивна критика ни укажаа на недостатоците и грешките кои ги правиме.
ПОЧИТУВАНИ
ОСТАНЕТЕ ВО ДОБРО ЗДРАВЈЕ И ОДЛИЧНО ПРАЗНИЧНО РАСПОЛОЖЕНИЕ ЗАЕДНО ДА НАЗДРАВИМЕ ЗА ГОДИНАТА КОЈА НИ ДОАЃА СРЕКНА НОВА ГОДИНА"

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов